МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Септември 2015
БРОЈ 169

## Новините на ЕНЕР презентирани во посебен Водич

МЦМС подготви „Водич за новините на ЕНЕР“ за да ја информира јавноста за главните измени кои се направени на порталот на Единствениот национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР - www.ener.gov.mk). Водичот ќе им послужи на сите корисници на ЕНЕР и како алатка за полесно толкување на информациите за статусот на одреден предлог-закон и за вклучување во процесот на консултации преку ЕНЕР.

МЦМС го следи ЕНЕР од 2012 година во рамките на проектот „Огледало на Владата“. Наодите од мониторингот се презентираат во неделни, месечни и квартални извештаи.

Потребата од „Водичот“ се појави откако на 25 декември 2014 г. е пуштен во употреба новиот ЕНЕР, на кој покрај новиот дизајн, е направено и техничко и содржинско унапредување.

Водичот е подготвен во рамките на Програмата на УСАИД за антикорупција, финансиран преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Програмата ја спроведува МЦМС.

## Основи на раководење со проекти - последователна обука

Проектот ТАКСО во соработка со Ресурсниот центар воден од МЦМС од 20-21 октомври 2015 година ќе организираат последователна обука на која учесниците од обуката одржана во текот на мај оваа година ќе добијат натамошна поддршка за финализирање на логичките рамки, буџетот и подготовките за аплицирање.

Во периодот меѓу двете обуки тие направија анализа на проблеми, анализа на цели и дизајнираа логичка рамка за конкретен реален проект кој би сакале да го подготват за аплицирање.

## Пезентирани „Студиите на случаи со ризици од корупција“

На 23 септември 2015 година, Транспарентност Македонија (ТМ) во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), ги промовираше „Студиите на случаи со ризици од корупција“. Целта на овие студии е подобрување на политиките за антикорупција, преку анализи на состојбите и укажување на конкретни случаи.




Сабина Факиќ, авторката на студијата „Намалување на корупцијата во јавните набавки преку засилена контрола“, се осврна на нереализирањето на измените во Законот за јавни набавки кои требаше да овозможат Бирото за јавни набавки да прерасне во самостојна агенција. Таа наведе повеќе случаи од кои се гледа дека недостатокот на контрола го зголемува ризикот од натамошно влошување на состојбите со корупцијата во јавните набавки. „Во отсуство на функционални институции кои ревносно го казнуваат незаконското трошење јавни пари, постои ризик од натамошно зголемување на корупцијата во јавните набавки“, рече Факиќ.




„Спроведувањето случаи од висока корупција иницира намалување на корупцијата на пониските нивоа, но истовремено ја демонстрира неисплатливоста на корумпираното однесување на подолг рок“, рече Миша Поповиќ, во презентацијата на студијата „Демографија на корупцијата: поглед кон ‘заробената држава’“ чиј автор е тој. Тој смета дека „јавните институции задолжени за контрола на корупцијата мора да ја „најдат“ својата независност и да започнат истрага за корупциски случаи на највисоко ниво“.




Студијата „Незаконско, неодговорно и нерационално трошење на парите на граѓаните прикажано преку извештаите на Државниот завод за ревизија“ ја презентираше авторот Слаѓан Пенев. Тој истакна дека во конечните извештаи на ДЗР за работењето на министерствата и другите државни органи се констатирани незаконитости во работењето и сомневања за злоупотреби. „Несфатлив е одосот на ДЗР кој не поднесува иницијативи за кривично гонење против одговорни лица во овие институции“, рече Пенев.

Ова се првите три, од планираните десет студии на случаи со ризици од корупција. Интегралните текстови на студиите се достапни на: http://www.mcms.mk/ и на http://www.transparentnost-mk.org.mk/

Презентираните студии на случаи се дел од „Програмата на УСАИД за антикорупција“, финансирана од УСАИД. Програмата ја спроведува МЦМС, во партнерство со Институтот за демократија Социетас Цивилис – Скопје, ТМ и Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ). Целта на проектот е зголемена информираност и знаење на граѓанските организации и граѓаните за барање отчетност од институциите како и придонес кон нивен повисок интегритет.

## Започна спроведувањето на „Акции во заедницата“

Од 1 септември 2015 година до 31 март 2016 година МЦМС, со финансиска поддршка на Амбасадата на Кралството Велика Британија, ќе го спроведува проектот „Акции во заедницата“. Проектот ќе се спроведува во Североисточниот регион, а ќе бидат опфатени три помали заедници. Буџетот на проектот е 100.000 фунти.



*МЦМС и о.Куманово успешно соработуваа на реновирањето на ОУ Кристијан Тодоровски Карпош*

Акции во заедницата имаат за цел да ги развијат капацитетите на граѓаните за учество во носењето одлуки на локално ниво и да ги развијат капацитетите на локалната администрација за децентрализација и демократизација во решавањето на заедничките потреби и проблеми во партнерство со граѓаните и другите локални чинители.

Преку групни дискусии во заедниците граѓаните ќе разговараат за проблемите и ќе формулираат решенија. Во врска со решенијата ќе се формулираат проекти со чие спроведување ќе се постигнат социјални и економски ефекти во тие заедници.

Првите контакти во општините Куманово и Липково веќе се направени. На претставниците на општинската администрација им беа објаснети целите на проектот, методологијата и пристапот. Двете општини искажаа задоволство од вклученоста во проектот и подготвеност максимално да придонесат за постигнување на целите.

## Нови два регионални форуми и работилница за грантистите во октомври

На 13 и на 15 октомври 2015 година Цивика мобилитас ќе ги организира седмиот и осмиот регионален форум. По мотото „Твој простор, твој глас", организациите и заинтересираните од Вардарскиот регион, во Кавадарци ќе разговараат за нивните проблеми, за промените што треба да се случат во нивниот регион, а заинтересираните од пелагонискиот регион ќе се сретнат во Битола.

Регионалните форуми се добра можност за зацврстување на постоечката или започнување на нова соработка меѓу организациите од регионот и започнување и спроведување на заеднички иницијативи.

Ова се последните два од планираните осум регионални форуми. Претходно регионални форуми се одржаа во: Куманово, Шуто Оризари, Охрид, Гостивар, Радовиш и Штип.



## Прва работилница на Цивика мобилитас

Институционалните и акциските грантисти на Цивика мобилитас во октомври 2015 година, ќе се сретнат во МЦМС на работилницата наречена “Touching Base" на која ќе разговараат за нивните досегашни искуства со Цивика мобилитас особено тие од процесот на аплицирање, за обрасците и процесите, од менторството, за очекувањата, за останатите продукти и услуги на Цивика мобилитас итн.

Тие ќе ги споделат искуствата од спроведувањето на активностите, а ќе разговараат и за идните заеднички настани на програмата. На крајот од работилницата, на добитниците на акциски грантови ќе им бидат доделени сертификатите.

# Се одржаа регионални форуми на Цивика мобилитас за Југоисток и за Исток

Двата регионални форуми се одржаа на 22, односно на 23 септември 2015 година, во просториите на градската библиотека „Браќа Миладиновци" во Радовиш и во Домот на младите во Штип. Претставници на граѓански организации, заедно со тимот на Цивика мобилитас разговараа за тоа кои се промените што сакаат да ги направат во општеството, како тие да бидат одржливи, како да се влијае на однесувањето на луѓето во локалните заедници и како да се подобри соработката меѓу граѓанските организации.

За Митко Шоров од Еколошкото друштво „Планетум" од Струмица проблем е големата зависност од странските донатори. Според него, тоа е промената што треба да се направи, да се мотивираат домашните организации да им помагаат на граѓанските организации.

Организацијата „Избор" од Струмица е на добар пат да стане одржлива, според Сократ Манчев нивната цел е да постигнат самоодржливост до 2020 година. „Во секторот сме 19 години и сè уште се финансираме од странски донации", рече Манчев и додаде дека за нив е од голема помош институционалниот грант на Цивика мобилитас кој им овозможува флексибилност во користењето на средствата.

Иванка Соколова од Женска акција од Радовиш го покрена прашањето на развојот на претприемачкиот дух кај жените, родовите и семејните прашања. Таа истакна дека е потребна поголема соработка со институциите на локално ниво.

Поголем дел од дискусиите во Штип беа насочени кон проблемот со паркот наречен Зелен плоштад. Според деталниот урбанистички план, на местото на паркот треба да се градат згради со што добар дел од граѓаните не се согласуваат. Тие, организирани во граѓанската акција „Аман" се обидуваат да го спречат реализирањето на деталниот урбанистички план.

„Се обидуваме да им претставиме на граѓаните дека проблемот е заеднички и дека нема место за политика", рече Горан Трајков од Аман. Според него, секое споменување на политика ја разводнува главната тема. „Граѓаните треба да научат која е функцијата на месните заедници", вели тој и додава дека преку информирањето на граѓаните ќе може да се влијае на месните заедници да се заложат за интересите на граѓаните. Тој додаде и дека имаат поддршка од повеќе граѓански организации, иако поголем дел од нив се пасивни.



*„Твој простор, твој глас" - од дискусиите на регионалниот форум во Радовиш*

Според Питер Тоинес, меѓународниот водач на тимот на Цивика мобилитас, примерот со паркот е одличен поради повеќе работи: се работи за прашање од животна околина, се работи за човеково право да се штити местото на живеење и сл. таквите мали акции можат да придонесат да се зголеми граѓанската свест, граѓаните да се охрабрат на микро ниво, за потоа да почнат да се интересираат за поголемите проблеми и начините како можат да помогнат или да сменат нешто.

И во двата региони беше потенциран проблемот со стигматизацијата, односно препознавањето делови од секторот како припадници на една или друга страна (најчесто партиска) без да се разбере за што всушност станува збор и што нудат граѓанските организации.

# Цивика мобилитас го објави повикот за Специфични акциски грантови

Грантовите им се наменети на граѓанските организации регистрирани според Законот за здруженија и фондации (2010) за воспоставување и работа со таканаречени „платформи за соработка" меѓу апликантот, грантистите и тимот на Цивика мобилитас, на темите: истражување и развој (ИР), информации и комуникации (ИК) и набљудување, оценка и известување (НОИ).

Во пријавите можат да се вклучат и партнери и соработници, но тоа не е задолжително. Партнери можат да бидат и научно-истражувачки установи; високообразовни установи; медиуми и синдикати или организации на работодавачи.

Активностите од овој повик треба да се одвиваат не пократко до 24 и не подолго од 30 месеци. Големината на грант треба да биде од 2.500.000 до 3.500.000, а Цивика мобилитас има на располагање 21.000.000 денари за оваа намена. Повикот е отворен до 19 октомври 2015 г. до 16 часот.

Пријавата мора да е поднесена во печатена (на хартија) и во електронска форма (на ЦД или УСБ). Пријавата се поднесува на адреса на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), со назнака „за Цивика мобилитас", на ул. Никола Парапунов, бр. 41а, Пошт. фах 55, 1060 Скопје. Цивика мобилитас нема да ги прифати пријавите кои се поднесени по електронски пат.

Заинтересираните може да ги испратат своите прашања на: helpdesk@civicamobilitas.mk не подоцна од 10 календарски денови од крајниот рок за поднесување на пријавата. Цивика мобилитас ќе одржи две информативни сесии за овој повик за предлози. Следете ја веб-страницата и страницата на Фејсбук на Цивика мобилитас и информирајте се за евентуални промени или за последните прашања и одговори. За повеќе детали погледнете го Водич за апликантите и Образец за пријава со прилози.

CIVICA MOBILITAS
*Citizens for change!*

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 41а, П.Фах 55, 1060 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.mk | mcms@mcms.mk